Process Safety Beacon
Messages for Manufacturing Personnel
www.aiche.org/ccps/process-safety-beacon

An AIChE Technology Alliance
CCPS Center for Chemical Process Safety
aiche.org/ccps

This issue sponsored by
ioMosaic®
Minimizing risk. Maximizing potential.®
www.iomosaic.com

# Забележи нешто, Кажи нешто

**January 2025**



*Слика 1. Идентични котури за црева*

Тим за аудитирање правел обиколка на ново инсталирана станица за товар/истовар. Член на тимот забележал два котури за црева во близина на станицата, двата со исто-обоени црева и исти приклучоци. Едното било обележано како компримиран воздух, другото како азот. Членот на тимот прашал како цревата се употребувале. Цревото за воздух било за употреба со пневматски алатки, а тоа за азот за интеризирање на танкот додека се полни.

Членот на тимот посочил дека доколку тие идентични црева се променат, танкот кој треба да биде инертизиран наместо тоа може да биде во запалив опсег. Никој за време на ревизиите на дизајн или проверките пред стартување не го идентификувал како опасност. Линијата за воздух била заклучена се додека не се разгледа за подобрување или преку системот за Управување со промени. Втора опасност исто така беше присутна. Доколку некој го поврзе цревото за азот на алатка за воздух, може да бие изложен на атмосфера со недостаток на кислород и да ја изгуби свеста.

Ова е пример кога некој кој поставува едноставно прашање може да спречи два потенцијално сериозни инциденти. Ја нагласува потребата да се пријави кога нешто личи на некоректно.

## Дали знаете?

- Слаб сигнал е индикација дека нештото може да биде погрешно. На Слика 1, слаб сигнал се идентичните црева и потенцијалот да се употребни погрешното.
- Опрема која произведува различен звук или вибрира се слаби сигнали дека нешто е порегшно и има потреба од внимание.
- Слабите сигнали често се зголемуваат се додека станат <u>силни</u> сигнали – откажување на опрема или истекување кое не може да биде игнорирано. Many major incidents had weak signals or warning signs that were ignored before the incident. After the incident, these signals were obvious.
- Известете ги другите за слаб сигнал. Подобро е да се разгледа ситуацијата и да знаеме дека е во ред, отколку да се надеваме дека не е важно.
- Луѓето ги забележуваат разликите, што е добро. Но, доколку разликите не се забелешка до некого кој може да ги разгледа и да превземе акција, опасноста продолжува да постои.
- Лошо напишана процедура е истот така слаб сигнал. Може да биде добра за искусен оператор, но да го збуни ново вработениот.

## Што можеш да направиш?

- Кога се забележите нешто што не изгледа коректно, известете го супервизорот на областа. Тие можат да најдат вистински ресурси за да ја разгледаат ситуацијата и да ја поправат ако можат.
- За време на обиколки или инспекции, забележувајте ги нештата кои се промениле од последната инспекција. Известете ги и прашајте ги околу тоа.
- Конфузни процедури треба да се поправат. Доколку се додаде дијаграм или слика може да се подобри процедурата, предложете му на супервизорот.
- Погледајте за специфични проблеми додека сте во областите – отворени електрични кутии, точки за примероци без капаче, или инструменти кои не се читливи, сите се ситуации кои треба да бидат поправени за да спречат потенцијален инцидент.

**Ако нешто изгледа погрешно – Прашајте! Може да спасите нечиј живот!**

©AIChE 2025. All rights reserved. Reproduction for non-commercial, educational purposes is encouraged. However, reproduction for any commercial purpose without express written consent of AIChE is strictly prohibited. Contact us at ccps_beacon@aiche.org or +1 646-495-1371.